Бр./Nr 12-1829/3

05-01-2021 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.12/19,), и членот 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од непознат подносител (анонимна пријава), на 45-та седница одржана на 29.12.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-4263/1 од 13.09.2019 година оформен по пријава од непознат подносител, доставена до ДКСК.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-4263/1 од 13.09.2019 година, од причина што наводите не се потврдени.

Предметот да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-4263/1 од 13.09.2019 година е оформен по пријава од непознат подносител (анонимна пријава), доставена до ДКСК.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневања за сторени незаконитости поврзани со остварување на правото на мирување на работниот однос на ---------------, на работно место Секретар на ОУ ----------------, додека ја вршел функцијата Директор на Јавното претпријатие за комунални дејности -------------. Според подносителите на пријавата незаконски постапил и избраниот директор, директорот на посоченото училиште и раководителот на Агенцијата за вработување подрачна служба во Делчево, при ставање на мирување на работното место секретар и пријавување на новиот работен однос на избраниот директор. Во прилог е доставено и Барањето од Градоначалниот на општина Делчево доставено на ден 19.07.2018 година до Собранието тогаш на Република Македонија за толкување на членот 151 од Законот за работни односи и Мислењето од 24.08.2018 година донесено од Владата на Република Македонија доставено до Собранието со упатување дека не треба да се толкува членот 151 од Законот за работни односи, бидејќи и за вработените во образованието како дел од јавниот сектор по однос на мирувањето на работното место важаат одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор.

Со цел утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во пријавата, ДКСК достави Барање за прибирање на податоци и информации со број 12-1829/1 од 28.04.2020 година до Градоначалникот на Општина Делчево со кое се побара да достави целосна информација за тоа дали во конкретниот случај - остварување на правото на мирување на работниот однос на ---------, на работно место Секретар на ОУ ---------------, додека ја вршел функцијата Директор на Јавното претпријатие за комунални дејности ------------------- е постапено согласно позитивните законски прописи, Законот за вработените во јавниот сектор, како и мислењето на Владата на Република Северна Македонија бр. 44.1-7249/1 од 22.08.2019 година дадено врз основа на Барањето на Градоначалникот за автентично толкување на членот 151 од Законот за работните односи.

Во законски утврдениот рок беше доставен одговор од општината Делчево со целокупната придружна документација.

По разгледување на наводите во пријавата и придружната документација кон истата и доставениот одговор како и позитивната законска регулатива, ДКСК констатира дека во членот 79 – в од тогашниот Закон за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016 и 67/17) каде се вели:

"(1) Вработените во основните училишта кои вршат работи од административна природа заради остварување на дејноста основно образование имаат статус на административни службеници.
(2) За вработените од став (1) на овој член се утврдуваат следниве нивоа на работни места:
- категорија В - стручни
- ниво В1 советник за нормативно правни работи (секретар) и
- категорија Г - помошно - стручни
- ниво Г1 самостоен референт (технички секретар кој врши благајнички и други слични работи, благајник кој врши и административни и слични работи) и
- ниво Г2 виш референт (благајник, технички секретар и други)."

Од горенаведените одредби е јасно утврдено дека Секретарот на основно училиште има статус на административен службеник и статус на вработен во јавниот сектор. Па оттаму по однос на мирувањето на работното место за него важат одредбите од член 31 од Законот за вработените во јавниот сектор.

"(1) На вработените во јавниот сектор кои се именувани на јавна функција утврдена со закон, кои се упатени на работа во странство во рамките на меѓународна, техничка, просветна, здравствена, културна, научна или друг вид на соработка, односно кои се упатени на работа во дипломатско или во конзуларно претставништво, им мируваат правата и должностите од работниот однос.
(2) Вработените од ставот (1) на овој член имаат право во рок од пет работни дена по престанувањето на вршењето на функцијата, или по враќањето од странство да се вратат во институцијата од каде што заминале на работно место најмалку на исто ниво со нивото на кое биле пред да заминат на функцијата или во странство."

Имајќи го во предвид сето гореспоменато, ДКСК констатира наводите во пријавата кои се однесуваат на сомневање за незаконско работење од Градоначалникот на Општина Делчево при именување на директор на Јавното комунално претпријатие ----------------, кој претходно ја вршел работата на секретар на ОУ ------------------, како и наводи за незаконско постапување на директорот на посоченото училиште и раководителот на АВРСМ -Центар за вработување-Делчево во постапката за ставање во мирување на работниот однос на работното место секретар и пријавување на новиот работен однос на избраниот директор не се потврдени, па оттаму заклучи дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во конкретниот случај и предметот да се затвори и архивира. Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК,
Изработил: м-р И.П.
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**